## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПРЕТКЛИНИЧКА ПАРОДОНТОЛОГИЈА" ОД ПРОФ. Д-Р АНА МИНОВСКА И ПРОФ. Д-Р АНЕТА АТАНАСОВСКА-СТОЈАНОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, СТОМАТОЛОГИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"– ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип, како и Одлука бр.2502-121/35 од 117. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 19.5.2014 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Мирјана Поповска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, специјалист по болести на устата и пародонтот;
– проф. д-р Обрад Зелиќ, редовен професор во пензија на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот во Белград, специјалист по болести на устата и пародонтот

за рецензија на приложениот ракопис „Претклиничка пародонтологија " од проф. д-р Ана Миновска и проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска, учебник наменет за студентите на прв циклус додипломска настава на Студиската програма стоматологија на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот „Претклиничка пародонтологија" од проф. д-р Ана Миновска и проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска е концепиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот Претклиничка пародонтологија, кој се изучува на студиите од прв циклус додипломска настава на Студиската програма по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во VIII семестар со 2+1 неделен фонд на часови и 3 кредити.

Ракописот кој е доставен претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да ја изучуваат предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот**

Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање учебник по предмет Претклиничка пародонтологија е претставен во текст од вкупно 175 страници и 41 слика и 7 табеларни прикази. Ракописот е приложен во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Ariel и со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на содржината ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**

Досега на овие простори не постоеше учебник со ваква содржина, наменет за студентите по дентална медицина. Всушност, ракописот кој перспективно треба да се преточи во учебник е резултат на долгогодишно и темелно истражување на авторите на обемна стручна и научна литература. Постоечката литература наменета за изучување на предметот Пародонтологија на нашите простори е прилично оскудна. Капацитетот на досегашната материја е недоволен и несоодветен, а покриеноста на областа е делумна. Имено, сè уште не постои литература која студетите ќе ја користат при изучување на оваа материја по предметот Претклиничка пародонтологија.

Концептуалната размисла и програмската содржајност на овој учебник  во голема мера ќе го олесни совладувањето на тематските единици, со што постепено ќе ги воведе консументите во основите на претклиничката пародонтологија.

Авторите, проф. д-р Ана Миновска и проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска на едноставен начин и со јасен стил ја приложуваат обработената материја која претставува фундамент на клиничката пародонтологија. Совладувајќи ги основните анатомски, хистолошки и микробиолошки механизми кај читателите т.е. оние за кои е наменет овој учебник се оформуваат основните критериуми за тоа што е физиолошко, а што патолошко, како неопходни сознанија  битни  за клиничкиот сегмент.

**Краток опис на содржината**

Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја, генерално, е распределена во три поглавја.

Во првото поглавје  кое детално е објаснето на 55 страници без литературниот преглед се опишани анамохистолошките карактеристики на пародонтално ткивниот комплекс. Поглавјето започнува со темелен и прецизен опис на гингивата. На анатомските карактеристики на гингивата се надоврзуваат хистолошките обележја на маргиналниот пародонциумот. На суптилен начин разграничени се различните особености на сулкусниот, припојниот и оралниот епител. Посебно место во ова поглавје им припаѓа на основните анатомски, морфолошки и хистолошки карактеристики на цементот, алвеоларната коска и периодонциумот. Авторите ја согледуваат потребата од опис на физиолошките обележја на гингивата, па оттука посебно се осврнуваат кон  нејзината боја, морфологија, површинска структура, облик и местоположба на гингивата. Авторите го заклучуваат првото поглавје со осврт кон комплексните функции на пародонталниот лигамент. Тука ги вбројуваат: потпорната, формативната, нутритивната и сензорната функција.

Во второто поглавје насловено како Класификација и епидемиологија на заболувањата на забопотпорниот апарат разграничени се различните типови пародонтопатии, приложена е најновата класификација на гингивалната болест и цитирани се најновите епидемиолошки податоци на пародонталната болест. Авторите осврнувајќи се на најновите литературни податоци исцрпени од светски извори го воведуваат студентот во најновите сознанија за хроничната и агресивната пародонтопатија, како и пародонтопатија како последица на системските заболувања.  Прецизно, во детали, многу вешто, но едноставо и лесно разбирливо ги опишуваат улцеронекрозната пародонтопатија и улцеронекрозниот гингивитис. Следи долгата листа на гингивална болест. Посебно е апострофираната гингивална болест асоцирана од вируси, системски болести, малнурициjа, дентален плак, бактерии. Во ова поглавје посебно место им припаѓа на содржините кои се однесуваат на реакции на туѓо тело и трауматските лезии. Преку ова поглавје консументите се запознаваат со базичните принципи на пародонтологијата која е сериозен вовед во клиничкиот сегмент.

Во *третото поглавје* авторите се фокусираат на етиологијата на заболувањата на забопотпорниот апарат. Во делот што  им припаѓа на локалните иритирачки фактори многу детално и аналитички со големо искуство како што им прилега, авторите ја опишале структурата на плакот, формирање на денталната пеликула (примарна и секундарна иницијација). Како посебна новина која е внесена во оваа материја е неспецифичната и специфичната теорија за денталниот плак. Материјата е многу успешно разработена, со едноставен јазик и стил, блиски за оние за кои е наменет овој учебник. Локалните партиципирачки фактори, исто така, се презентирани во ова поглавје. Авторите се обиделе овој сегмент од поглавјето да го доближат до читателите. Забниот камен и субгингиваните конкременти се обработени преку процесите на минерализација, структура и состав. Јатрогените фактори, дишењето на уста, парафункциите и лошите навики се дел од ова поглавје како акцесорни фактори кои наоѓаат посебно место во етиопатогенезата на пародонталната болест.

Осврнувајќи се кон сите сегменти на овој ракопис, впечатокот е дека тој ја постигнал својата главна цел - студентите да ги совладаат основите на пародонтологијата,  да се воведат во клиниката, но воедно и да ги стекнат неопходните познавања пред првиот контакт со пациентите во клиничката пракса.

Ракописот од авторите проф. д-р Ана Миновска и проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска претставува рационално структуиран сублимиран материјал на една поширока тема, која на студентите на многу едноставен начин им ги претставува основните знаења од оваа многу значајна област од стоматологијата. Всушност, совладувањето на оваа тематика е од исклучително значење, бидејќи пародонталната болест е едно од најчестите заболувања во усната празнина.

Во секое поглавје е цитирана е литература од понов датум од европско и балканско поднебје.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**З А К Л У Ч О К**

Ракописот за учебникот „Претклиничка пародонтологија" од проф. д-р Ана Миновска и проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска е целосно адаптиран според наставната материја предвидена во програмата за предметот Претклиничка пародонтологија за студентите на првиот циклус студии по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Многу вешто, суптилно, концизно со едноставен јазик и лесен стил авторите се потрудиле и успеале да ја презентираат материјата на студентите, за што полесно ги совладаат методските единици. На тој начин студентите постапно ќе навлезат во пародонтологијата, со цел што потемелно да ги изучат поставените задачи. Со издавањето на овој ракопис студентите од Стоматологија ќе имаат можност да ги изучуваат проблемите во пародонтологијата на македонски јазик, што доскоро беше невозможно, бидејќи најголемиот дел од посочената задолжителна и дополнителна литература потекнуваше надвор од границите на нашата земја.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основни остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки ракописот „Претклиничка пародонтологија" од проф. д-р Ана Миновска и проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска да биде издаден како учебник за студентите по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Мирјана Поповска,**
**професор на Стоматолошкиот факултет**
**при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,**
**специјалист по болести на устата и пародонтот, с.р.**
**Проф. д-р Обрад Зелиќ,**
**професор на Стоматолошкиот факултет во Београд,**
**Србија, специјалист по болести на устата и пародонтот, с.р.**